# ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**АД „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, е компанија за производство и испорака на електрична и топлинска енергија, која што во согласност со визијата за развој на компанијата, презеде обврска да спроведува и постојано го подобрува системот за управување со безбедност и здравје при работа, во согласност со применливата легислатива од областа на безбедност и здравје при работа и барањата стандардот ISO 45001:2018.**

Свесни за значењето на безбедноста и здравјето при работа, ние како раководен тим, заедно со сите вработени во АД ЕСМ - Скопје, како општествено одговорна компанија, ги објавуваме водечките принципи на Политиката за безбедност и здравје при работа:

- обезбедување рамка за идентификување на опасностите, проценка на ризик и контрола при работа;
- преземање сопствена одговорност при превенција на повреди и загрозување на здравјето при работа и постојано подобрување на системот за управување со безбедност и здравје при работа;
- извршување на своите активности во согласност со применливите закони и прописи од областа на безбедност и здравје при работа;
- дефинирање и спроведување сопствени правила, кои иако не се пропишани со легислатива, се применуваат заради унапредување на системот за управување со безбедност и здравје при работа;
- поттикнување и едукација на вработените да дејствуваат превентивно и постојано да ги подобруваат безбедноста и здравјето при работа;
- обезбедување рамка за воспоставување и преиспитување на цели за безбедност и здравје при работа;
- информирање на своите вработени, деловни партнери и другите засегнати страни за сопствената определба за безбедност и здравје при работа;
- индивидуална и колективна свест и одговорност како основа при работењето.

Раководниот тим на АД ЕСМ - Скопје е целосно одговорен за одржувањето и развојот на системот за управување со безбедност и здравје при работа и неговото постојано унапредување.

Скопје, 12/09/2024

**М-р Лазо Узунчев,**
**Генерален директор**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ